УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
L`UNIVERSIT “ST CYRILLE ET METHODE”- SKOPJE

**ГОДИШНИК**
**НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ**
**“ЈУСТИНИЈАН ПРВИ” ВО СКОПЈЕ**



| | | | |
|---|---|---|---|
| **ГОДИШНИК** | **ТОМ 52** | **СКОПЈЕ SKOPJE** | **2015** |



**ANNUAIRE**
**DE LA FACULTE DE DROIT**
**“IUSTINIANUS PRIMUS” DE SKOPJE**

**Уредници:**
д-р Добринка Тасковска (Република Македонија)
д-р Јасна Бачовска Недиќ (Република Македонија)

**Уредувачки одбор:**
д-р Каролина Ристова Астеруд (Република Македонија)
д-р Драган Митровиќ (Србија)
д-р Јовица Тркуља (Србија)
д-р Маријан Павчник (Словенија)
д-р Албин Игличар (Словенија)
д-р Дончо Хрусанов (Бугарија)
д-р Мелиха Повлакиќ (Босна и Херцеговина)
д-р Христина Рунчева Тасев (секретар)
д-р Милена Апостоловска – Степаноска (секретар)

Правен факултет “Јустинијан Први”
ул. “Гоце Делчев” 9б 1000 Скопје, Република Македонија

Годишник на Правниот факултет “Јустинијан Први” во Скопје, објавен во чест на проф.д-р ЛАЗАР КИТАНОВСКИ

Печати: АКАДЕМСКИ ПЕЧАТ
Тираж: 300

УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ “ЈУСТИНИЈАН ПРВИ”- СКОПЈЕ

# ГОДИШНИК

## НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ “ЈУСТИНИЈАН ПРВИ” ВО СКОПЈЕ

## ANNUAIRE DE LA FACULTE DE DROIT “IUSTINIANUS PRIMUS” DE SKOPJE

**ВО ЧЕСТ НА**
**ПРОФ. Д-Р ЛАЗАР КИТАНОВСКИ**

Скопје 2015

# СОДРЖИНА


1. *д-р Јасна Бачовска Недиќ, д-р Каролина Ристова-Астеруд*
ИНСТИТУЦИОНАЛИЗИРАЊЕ НА СОЦИОЛОГИЈАТА НА ПРАВОТО И СОЦИОЛОШКИОТ МЕТОД ..... 1
2. *д-р Драган М. Митровиќ*
ШТА ЈЕСТЕ, А ШТА НИЈЕ ЉУДСКО ДОСТОЈАНСТВО ..... 15
3. *д-р Б. Давитковски, д-р А. Павловска-Данева, д-р Е. Давитковска, д-р Д. Гоцевски*
ВЕРСКАТА ТОЛЕРАНЦИЈА И СОРАБОТКА И ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ ..... 25
4. *д-р Поликсена Гавроска, м-р Илија Руменов*
ПРОТИВПРАВНОТО ОДВЕДУВАЊЕ ИЛИ ЗАДРЖУВАЊЕ НА ДЕЦАТА: ПАТОЛОШКИ АСПЕКТ НА ДИСОЛУЦИЈАТА НА ПРЕКУГРАНИЧНИТЕ БРАКОВИ ..... 37
5. *д-р Весна Пендовска, м-р Елена Нешовска*
НОВИ РАЗВОЈНИ ТЕНДЕНЦИИ НА ДАНОЧНОТО ПРАВО НА ГЛОБАЛНО НИВО ..... 53
6. *д-р Методија Каневче*
КРИВИЧНО-ПРАВНА ЗАШТИТА НА ТЕЛЕСНИОТ ИНТЕГРИТЕТ ..... 71
7. *д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, м-р Моника Ковачевска*
ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА ДИГИТАЛНАТА ТЕХНОЛОГИЈА И ПРАВНАТА РАМКА НА ИЗДАВАЧКИОТ ДОГОВОР ЗА НАУЧНО И ЛИТАРАТУРНО ТВОРЕШТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ..... 87
8. *д-р Горан Коевски*
СУБОРДИНИРАН ДОЛГ (поим, карактеристики, практична примена) ..... 125
9. *д-р Димитар Гелев*
ЕКЛОГА ..... 141
10. *д-р Татјана Петрушевска, м-р Марјан Попески*
РЕТОРИКА - НАЧИНИ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ДУШИТЕ НА СЛУШАТЕЛИТЕ ..... 179
11. *д-р РенатаТренеска-Дескоска*
РЕЛИГИЈАТА ВО ЈАВНАТА СФЕРА ВО СОВРЕМЕНА ЕВРОПА ..... 201
12. *д-р Тања Каракамишева-Јовановска*
ПРИСТАПУВАЊЕТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА - ДИЛЕМИ И ПРЕДИЗВИЦИ ..... 215
13. *д-р Тони Дескоски, м-р Вангел Доковски*
ПРИЗНАВАЊЕ ИИЗВРШУВАЊЕ НА СУДСКИ ОДЛУКИ СПОРЕД ХАШКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ДОГОВОРИТЕ ЗА ИЗБОР НА НАДЛЕЖЕН СУД ОД 2005 ГОДИНА ..... 229
14. *д-р Марика Ристовска*
УСТАВНИОТ СИСТЕМ НА БЕЛГИЈА КАКО ОБЛИК НА ПАРЛАМЕНТАРНА МОНАРХИЈА И ФЕДЕРАЦИЈА ..... 249
15. *д-р Мелина Гризо*
STABILIZATION AND ASSOCIATION POLICY: ELEMENTS OF REGIONAL APPROACH ..... 267
16. *д-р Александра Максимовска, д-р Александар Стојков*
ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА И ЛОКАЛНИТЕ ЕКОНОМСКИ РЕФОРМИ ВО ДРЖАВИТЕ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА ..... 281

17. *д-р Александра Деаноска–Трендафилова, м-р Елена Мујоска*
СОЦИЈАЛНО- РЕЛЕВАНТНОТО ДЕЈСТВИЕ КАКО ЕЛЕМЕНТ НА КАЗНЕНОТО ДЕЛО ВО МАКЕДОНСКАТА КАЗНЕНО ПРАВНА ТЕОРИЈА 295
18. *д-р Ненад Марковиќ*
ЦИВИЛНОТО ОПШТЕСТВО НИЗ ПРИЗМА НА ИСЛАМСКАТА РЕЛИГИЈА ....................311
19. *д-р Иван Дамјановски*
УЛОГАТА НА ИНТЕРЕСНИТЕ ГРУПИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРОШИРУВАЊЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ....................331
20. *д-р Владимир Божиновски*
ДРЖАВАТАНА КАРЛО ВЕЛИКИ И ОБЕДИНЕТА ЕВРОПА - СВЕТОТО РИМСКО ЦАРСТВО КАКО СРЕДНОВЕКОВНА ЕВРОПСКА УНИЈА ....................349
21. *д-р Дарко Спасевски*
СЛИЧНОСТИ И РАЗЛИКИ ПОМЕЃУ ПРАВНИТЕ ИНСТИТУТИ ПРОМЕНЕТИ ОКОЛНОСТИ И ВИША СИЛА КАЈ ДОГОВОРОТ ЗА ПРОДАЖБА ВО ДОМАШНОТО И ВО СПОРЕДБЕНОТО ПРАВО ....................357
22. *д-р Билјана Петревска*
НАЧИНОТ НА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИТЕ ВО БАНКАРСКОТО РАБОТЕЊЕ ....................375
23. *д-р Есин Кранли Бајрам*
МЕСТОТО НА СЛУЖБЕНОСТИТЕ (SERVITUTES) ВО РИМСКОТО СТВАРНО ПРАВО ....................387
24. *д-р Христина Рунчева Тасев*
РАЗВОЈ НА ИДЕЈАТА ЗА ПОДЕЛБА НА ВЛАСТА ВО РИМСКАТА РЕПУБЛИКА–ПАРАЛЕЛИ СО СОВРЕМЕНИТЕ КОНЦЕПТИ НА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВЛАСТА ....................405
25. *д-р Милена Апостоловска- Степаноска*
ЕВРОПСКОТО ДРЖАВЈАНСТВО КАКО ЕДЕН ОД МЕХАНИЗМИТЕ НА ЕВОПСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ ЗА СОЗДАВАЊЕ НА ЕВРОПСКИОТ ИДЕНТИТЕТ ....................421
26. *д-р Александар Љ. Спасов*
ЛЕГАЛИТЕТ НА ХУМАНИТАРНИТЕ ИНТЕРВЕНЦИИ ....................439
27. *д-р Драги Рашковски*
ОН-ЛАЈН ВОДЕЊЕ НА ПОЛИТИЧКИ КАМПАЊИ ....................457
28. *д-р Борка Тушевска*
ОПРАВДАНОСТА НА АНГЛОСАКСОНСКИОТ КОНЦЕПТ НА ОБВРЗНОСТНА ПОНУДАТА ВО МЕЃУНАРОДНАТА ПРОДАЖБА НА СТОКИ ....................467
29. *д-р Александар Спасеновски*
ЗА НЕКОИ АСПЕКТИ НА МОДЕОТ НА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ....485
30. *м-р Катерина Жатева*
ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ДИРЕКТИВАТА ЗА TIME SHARE ВО МАКЕДОНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО ....................495
31. *м-р Викторија Бацакова*
THE EMBRYOS: PEOPLE, PROPERTY, OR SOMETHING BETWEEN? ...........505
32. *м-р Никола Амбарков*
АВСТРО–УНГАРСКАТА МОНАРХИЈА И НЕЗИНИОТ КОНСОЦИЈАТИВЕН ИНЖЕНЕРИНГ ВО БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА (1910-1914) .................... 519



д-р Јасна Бачовска Недиќ (вонреден професор)
д-р Каролина Ристова- Астеруд (доцент)

# ИНСТИТУЦИОНАЛИЗИРАЊЕ НА СОЦИОЛОГИЈАТА НА ПРАВОТО И СОЦИОЛОШКИОТ МЕТОД

1.02 Прегледна научна статија
УДК: 316.334.4-027.12

***Апстракт***

Во услови кога тврдиот позитивизам, особено во Република Македонија, го неутрализира значењето на теоријата на правото и ја засилува тенденцијата „правото како занает“, сметаме дека е повеќе од потребно да се актуелизираат прашањата за интелектуалното значење на дипломата правник и основите на правничкото знаење.

Трудот го обработува институционализирањето на социологијата на правото на научно и наставно ниво и традиционалната поврзаност на идеите за правото и идеите за општеството. Социологијата на правото е втемелена од правниците, но и централните идеи на современата филозофија се исто така посветени на правото.

Правото не е вештина или не е само тоа. Правото е култура, идеа, начин на живот. Во време на демонополизација на правната професија и кога процесите кои ја детерминираат модерната правна наука како што се глобализација, интернационализација, универзализација на правото, диверсификација на наставните програми (особено на европско ниво), интердисциплинарност и потреба за практични знаења, неопходно е поставување на нови теоретски темели на правното знаење.

Правото во акција, ефектите од правото, потребата од телеолошки интерпретации и социолошки анализи се причина за ренесанса на *социологија на правото* на глобално и европско ниво, па и регионално, но не и во Република Македонија и покрај тоа што Правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ, негуваше една богата и квалитетна традиција на теорија на правото.

Bardhan, Pranab (2002). "Decentralization of government and development.", *Journal of Economic Perspectives*, 16 (4): 185–205.
Baskaran, Thushyanthan and Lars Feld (2009). "Fiscal decentralization and economic growth in OECD countries: is there a relationship?", CESIFO Working Paper No 2721.
Brennan, Geoffrey, and James Buchanan (1980). *The power to tax: analytical foundations of a fiscal constitution*. New York: Cambridge University Press.
Buser, Whitney (2011). "The impact of fiscal decentralization on economics performance in high-income OECD nations: an institutional approach", *Public Choice,* 149 (1/2): 31-48.
Dabla-Norris, Era (2006). "The Challenge of Fiscal Decentralization in Transition Countries", *Comparative EconomicStudies*, 48(1).
Davoodi, Hamid and and Heng-Fu Zou. 1998. "Fiscal decentralization and economic growth:A cross-country study",*Journal of Urban Economics*, 43: 244–257.
Ebel, Robert D.; Richard M.BirdandChristineWallich (1995). Fiscal Decentralization: From Command to Market. In:*Decentralization of the Socialist State*, International Bank for Reconstruction and Development, Washington D.C.: World Bank.
Krtalić, Sandra and Barbara Škreblin Borovcak (2011). "Aspects of Fiscal Decentralization in Croatia", Proceedings of the International Scientific Conference, Juraj Dobrila University of Pula, Department of Economics and Tourism, pp. 1126-1152.
Lyon, Aisling (2013). "Challenges to Municipal Fiscal Autonomy in Macedonia", *Publius: The Journal of Federalism,* Advance Access published Аугуст 30, 2013. doi:10.1093/publius/pjt032.
Maksimovska, Aleksandra and Aleksandar Stojkov (2013). "The Future of Fiscal Decentralization in Southeast Europe: What is on the Horizon?", Lex Localis-Journal of Local Self Government, 11 (3): 325-344.
Martinez-Vazquez, Jorge and Andrey Timofeev (2010). "Decentralization Measures Revisited",*Public Finance & Management*, 10 (1): 13-47.
Oates, Wallace (1972). *Fiscal Federalism*. New York: Harcourt Brace Jovanovich.
Rodden, Jonathan (2002). "The dilemma of fiscal federalism: Grants and fiscal performances around the world",*American Journal of Political Science,* 46(3): 670-687.
Rodriguez-Pose, Andres and Adala Bwire (2004). "The economic (in)efficiency of devolution", *Environment and Planning,* 36: 1907–1928.
Rodriguez-Pose, Andrésand Anne Kroijer (2009). "Fiscal Decentralization and EconomicGrowth in Central and Eastern Europe", *Growth and Change,* 40 (3): 387-417.
Rodriguez-Pose, Andres and Roberto Ezcurra (2011). "Is Fiscal Decentralization Harmful for Economic Growth? Evidence from the OECD Countries",*Journal of Economic Geography*, 11 (4): 619-643.
Schneider, Aaron (2003). "Decentralization: Conceptualization and Measurement", *Studies in Comparative International Development*, 38 (3): 32-56.
Thiessen, Ulrich (2004). "Fiscal Decentralisation and Economic Growth in 'Rich' OECD Countries: Is there an Optimum?", *Economic Bulletin*, 41 (5): 175-182.
Thornton, John (2007). "Fiscal decentralization and economic growth reconsidered", *Journal of Urban Economics*, 61: 64–70.
Tiebout, Charles M. (1956). "A pure theory of local expenditures", *The Journal ofPolitical Economy*, 64(5):416-424.
Woller, Gary and Kerk Phillips (1998). "Fiscal decentralization and IDC economic growth: an empirical investigation", *Journal of Development Studies*, 34: 139–148.



д-р Александра Деаноска – Трендафилова (доцент[1])
м-р Елена Мујоска (соработник[2])

# СОЦИЈАЛНО - РЕЛЕВАНТНОТО ДЕЈСТВИЕ КАКО ЕЛЕМЕНТ НА КАЗНЕНОТО ДЕЛО ВО МАКЕДОНСКАТА КАЗНЕНОПРАВНА ТЕОРИЈА

1.02 Прегледна научна статија
УДК:343.3/.7:316.754.4

## 1. Вовед

Науката за казненото право за свој предмет на проучување ги има човековите поведенија кои претставуваат исполнување на казненоправните забрани. Тие, пак, од своја страна влечат корени од најстарите обичаи, врзани се со општите норми на моралот, а имаат дури и основа во некои пишани извори од религиски карактер, на пример, како што се т.н. свети книги и во правните акти.[3] Сите општествени заедници: религиозни, морални, обичајни, правни, јазични и други, се засновани врз постоењето на внатрешни правила на општествените групи,[4] а тоа се нормите, како „јатка на внатрешното ткиво на заедницата".[5] Во таа смисла, забраните за убивање, за крадење и слично се познати уште од најстари времиња, од почетоците на човековото живеење во заедница, но претставуваат, на пример и верски заповеди. Не случајно, казненото право претставува етички минимум кој треба да го обезбеди секое општество преку санкционирање на т.н. штетни дејствија.[6]

Историјата на казненото право несомено познава и периоди кога луѓето биле казнувани за своите мисли. Но, самите мисли, дури и да опфаќаат идеја за извршување на најтешки дела, сами по себе не го нарушуваат поредокот и животот во општеството, па оттука, тие не смее да бидат казниви.[7] Во периодот кога казненото право го бележи почетокот на својот вистински развој, веќе е прифатено начелото дека се казнува само за конкретни поведенија, а не и за мисли, во духот на Улпијановата "cogitationis poenam nemo patitur".[8]

---

[1] Доцент на Институтот за казнено право на Правниот факултет „Јустинијан Први", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје.
[2] Соработник на Институтот за казнено право на Правниот факултет „Јустинијан Први", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје.
[3] Според Камбовски , В, Филозофија на правото, обичајноста им претходи на правото и моралот, подетално в. стр. 196.
[4] Камбовски 2, стр. 193.
[5] Бајалџиев, Д., Вовед во правото, стр. 248.
[6] Камбовски, В., Казнено право – општ дел, стр. 11.
[7] Марјановиќ. Ѓ., Каневчев, М., Македонско кривично право – општ дел, стр. 118.
[8] Lewis, A.D.E, Ibbetson, D.J., (Edts), The Roman Law Tradition, Cambridge, 2004, стр. 112.

Денес е повеќе од јасно дека казненото право се заснова врз делото чиј основен елемент е дејствието. Дури и учењето за омисивитетот своите поставки ги темели врз учењето за дејствието, имајќи предвид дека и самото несторување претставува некакво поведение (поведение на воздржување). И, додека е неспорно дека дејствието е основниот елемент на казненото дело, предмет на овој труд е да се определи кои дејствија ќе ги задоволат барањата да го добијат епитотот „казненоправно релевантни", односно кои дејствија ќе се карактеризираат како социјално – релевантни за да бидат предмет на опсервација на казненото право. Ова произлегува од тоа што секое дејствие не претставува основа за казнено-правна реакција, туку само оние девијантни однесувања што значат повреда на социјалните норми од повисок степен.[9]

**2. За социјалната функција на казненото право и социјално – релевантното дејствие**

Казненото право има изразено социјална функција. Таа се огледа преку неговите цели: прво, да се обезбеди ефикасна заштита на индивидуалните слободи и права, второ, да се заштити поредокот во државата и воопшто во општеството и трето, да се обезбедат заедничките функции на живот.[10]

Всушност, казненото право е иманентен дел од институционалниот - формален аспект на т.н. социјална контрола на криминалот. Социјалната функција што погоре ја споменавме, поконкретно се огледа во првата од трите основни функции на казненото право – заштитната. Заштитната функција на казненото право може да се јави како облик на превентивна,[11] регулаторна[12] и апостерирона казненоправна заштита.[13] Последнава, како што правните теоретичари со право констатираат, нема релевантно заштитно дејство од причина што настапува откако делото е извршено, а заштитетното правно добро многу често е целосно или делумно уништено. Така, на пример, кога едно лице ќе изврши убиство, со неговото кривично гонење и казнување нема да се заштити конкретниот живот, зошто тој е неповратно загубен, туку ќе се делува само специјалнопревентивно спрема конкретниот сторител во иднина да не врши такви дела и уште еднаш ќе се нагласи објектот на заштита како правно добро или вредност.[14]

---

[9] Слично Камбовски, В., op.cit,. стр.3-4.
[10] Марјановиќ. Ѓ., Каневчев, М., op.cit.,стр. 118.
[11] Превентивната (ex ante) заштитна функција се огледа во програсувањето на определени поведенија за казнени дела и пропишување соодветни санкции за нив. Подетално в. Камбовски, В., op.cit., стр.10.
[12] Регулаторната функција може да се сфати како поим близок до превентивната заштитна функција на казненото право. Камбовски, В., op.cit.,10.
[13] Апостериорната заштита се огледа во казненоправната репресија во случај на извршување на казненото дело. Тука до израз може да дојде само превентивната функција за во иднина, а не во поглед на заштита на објектот на дејствието во конкретен случај. Камбовски, В., op.cit., стр. 10.
[14] Камбвоски, В., op.cit., стр. 7.





За остварувањето на социјалната функција, всушност, е одговорен законодавецот, затоа што токму од него зависат конкретните казненоправни решенија. Тука е и прашањето за казненоправната релевантност на дејствието. Имено, најтешките повреди на социјалните норми се нарекуваат криминални однесувања. Од *социолошка гледна точка*, криминално однесување е асоцијално поведение со кое поединецот ги прекршува општествените норми. Правниот пристап кон определувањето на поимот криминално однесување е, разбирливо, многу поформален: тоа се изречно забранетите поведенија во казненото право.[15] Казненоправните диспозиции всушност содржат дејствија кои може да претставуваат прохибитивни (забранувачки) норми, или императивни (наредувачки) норми, а тоа се одредбите кои значат обврска за субјектот на делото да преземе нешто за да не дојде до штетната последица опфатена со битието на казненото дело, односно одредбите за омисивните казнени дела.

Но, по својата природа дејствијата на човекот се оценуваат од аспект на нивната социјална релевантност. Имено, социјално-релевантни се само оние дејствија кои се манифестација на определен став на човекот во корелација со барањата на општествената средина. Тие истовремено треба да се и социјално неочекувани, поточно спротивни на очекувањата што средината ги има од поединецот во насока на вршење на тоа што е „добро" и „дозволено". Социјалната неочекуваност, според некои автори, претставува конститутивен елемент на поимот социјалнорелевантно дејствие.[16]

**3. Дефинирање на поимот дејствие во македонската казненоправна теорија**

Секое казнено дело, односно секоја инкриминација е инспирирана од определено поведение на човекот. Како што веќе истакнавме, кога кривичниот закон го определува законскиот поим на некое казнено дело, тој секогаш или забранува или заповеда некакво поведение на човекот и на повредата на таквите норми надоврзува казна. Затоа, дејствието е задолжително конститутивно обележје на секое казнено дело.[17]

Човековото дејствие, како што е погоре нагласено, е основниот елемент во поимот на казненото дело и казнено дело може да претставува само *определено дејствие* на човекот. Ова тврдење е неспорно во современата научна мисла и околу ова стојалиште нема никакви спротивставени гледишта и стојалишта. Тешкотиите и изразувањето на различните ставови на казненоправната мисла започнуваат во определувањето на *значењето на поимот на дејствие* како онтолошки супстрат на казненото дело од една, и *позицијата на дејствието* во општиот поим на казненото дело што директно влијае врз системот на казненото право како целина, од друга страна.[18] Пошироката, се-

---

[15] Слично, Камбовски, В.,op.cit., в. социолошка и правна дефиниција, стр. 3.
[16] Така, Камбовски, В., op.cit., стр. 161, Марјановиќ. Ѓ., Каневчев, М., op.cit., стр. 120.
[17] Бачиќ Ф., Кривично право - општ дел, стр.255.
[18] Камбовски В., op.cit., стр. 381.

опфатна дефиниција за поимот на дејствието содржи повеќе функции, а како основни се издвојуваат класификаторската, дефинирачката и лимитирачката.[19]

Но пред да се констатира за едно дејствие дека е тоа дејствие во казненоправна смисла односно дејствие на извршување на некое законско битие, треба да бидат исполнети два услови: прво, дејствието односно човековото поведение мора да исполнува извесни општи услови што прават од него казненоправно дејствие и второ, таквото дејствие мора да одговара на описот на дејствието на некое казнено дело односно да станува збор за дејствие на извршување.[20]

Едновремено, поимот на дејствието е и законски поим изрично определен во Кривичниот законик на РМ,[21] во чл.29, изразен преку начинот на кој што може да се изврши казненото дело, односно со *сторување* (ст.1) и *несторување* – единствено тогаш кога сторителот го пропуштил сторувањето што бил правно должен да го изврши, а пропуштањето има еднакво значење како предизвикување на последицата на делото со сторување (ст.2). Оттука, може да ја согледаме интенцијата на законодавецот, законскиот поим на дејствието да го определи преку изразот „сторување" или „извршување" (на пр. *не е кривично дело она дело што е сторено во нужна одбрана; сторителот ... ќе се казни поблаго, ако пречекорувањето го сторил поради силна раздразнетост...,* (чл.9, ст.1 и 2 КЗ) но и изразот „дејствие" (пр. *ако две или повеќе лица, со учество во дејствие на извршување или со друг особен придонес кон извршувањето на делото...* (чл.22 КЗ)). Несомнена е потребата од утврдување на содржината на поимот на дејствие како основен, базичен елемент во структурата на општиот поим на казненото дело, што има посебно криминално-политичко и казнено-правно значење.[22]

Модерната македонска казненоправна теорија на прашањето на определувањето на поимот на дејствието му посветува должно внимание, притоа, засновајќи ги своите стојалишта и врз определбите за овој институт во поранешната југословенска теорија. Ова е разбирливо, имајќи го предвид фактот дека Република Македонија беше дел од поранешната југословенска федерација.

[19] *Класификаторската функција* се однесува на вклучување на повисокиот поим на дејствието на активното и пасивното дејствие односно на сторувањето и пропуштањето па оттука и потребата од употребата на синонимот – поведение; *дефинирачката функција*ја одредува системската позиција на дејствието како материјален елемент во општиот поим на казненото дело и третата,*лимитирачката функција* исклучува определени движења или манифестации на човековата личност, како што се неговите мисли или идеи од поимот на дејствието. Поопширно види: Камбовски В., op.cit. стр.381.

[20] Бачиќ Ф., op.cit., стр.255.

[21] Кривичен законик на Република Македонија, Службен весник на РМ бр. 37/96; 80/99; 4/02; 43/03; 19/04; 81/05; 60/06; 73/06; 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13 и 82/13.

[22] Камбовски В., op.cit, стр. 381.





Така, *професорот Камбовски* во својот обид да даде конкретна дефиниција за социјално релевантните дејствија како елемент на казненото дело, што е предмет на овој труд, истакнува: „*Социјално релевантно е она поведение на човекот со кое тој влијае врз општествените односи, односно онаа манифестација на неговото битие што во востанувањето, менувањето или* прекинувањето *на тие односи содржи елемент на очекуваност на спротивното*". Оттука произлегува и поимот на дисјунктивната можност на секој човек како поседување можност за самоопределување во алтернативни ситуации. „*Само човекот е способен за заземање определени социјални ставови и приспособување на своето однесување во сообразност со таквите ставови, што всушност претставува негово делување*".[23]

*Професорите Марјановиќ и Каневчев,* дејствието го прикажуваат на многу поедноставен начин, односно како „*она што човекот го манифестира во надворешниот свет, а што служи како основа за казнувањето.*"[24]

Во постарата југословенска литература среќаваме интересни, едноставни и пластични преставувања на поимот дејствие.

Така, *професорот Франк* истакнува дека за постоење на казненото дело е потребно *поведение* (волев акт) *кое го сфаќаме како неправо* и го доведува во корелација со мерилата и вредностите за човекотово однесување кои подоцна се изразени преку нормите, правните правила и законите.[25]

Според *професорот Аќимовиќ,* казненото дело е производ на волево човечко дејствие со кое се повредуваат правните добра (правно заштитените интереси) на другите лица или на заедницата.[26]

*Професорите Срзентиќ, Стајиќ и Лазаревиќ,* пак, дејствието го објаснуваат како основен поим на општествено – опасното дело. Тие даваат објективно – субјективно гледиште за дејствието, натаму определувајќи го како „сакано поведение", волево дејствие на сторителот.[27]

Во германската казненоправна теорија, која исто така изврши значајно влијание врз нашата казненоправна наука, се нагласува значењето на социјалната релевантност на човековото дејствие. Така, *професорите Веселс и Бојлке*, истакнуваат дека социјалната релевантност на дејствието е критериум на поимот на дејствието, заеднички за сите форми на однесување,[28] а социјалната теорија за дејствието ја сметаат за посредно решение на кое му се дава предност во однос на другите теории.[29]

За споредба, американското казнено право, пак, како дел од т.н. common law традиција, нема солидна теоретска елаборација на овој поим

[23] Поопширно види: Камбовски В., op.cit., стр.388.

[24] Марјановиќ. Ѓ., Каневчев, М., op.cit., стр. 120.

[25] Frank, S., Teorija kaznenog prava, стр. 97.

[26] Аћимовић, М., Кривично право, стр. 48.

[27] Srzentic, N., Stajic, A., Lazarevic, Lj., Krivicno pravo Socijalisticke federativne Republike Jugoslavije – opsti deo, стр.134.

[28] Веселс, J., Бојлке, B., Кривично право – општ дел, стр. 32.

[29] Ibid., стр. 33.

како што тоа се среќава во државите од континенталниот систем, но иако поедноставно и попрагматично, го дефинира поимот дејствие (act). Така, *професорот Перкинс* истакнува дека казнено дело претставува секое општествено, социјално - штетно делување кое е дефинирано и казниво согласно со закон.[30] Натаму, објаснува дека дејствието претежно се сфаќа како конкретно делување, но дека и вербалните дејствија во определен контекст претставуваат казнено дело. Дефинирајќи ги волевите и неволевите дејствија, американската казненоправна теорија всушност ги потврдува движењата исклучени од поимот на дејствието. Во својата дефиниција, Перкинс истакнува дека дејствието е појава која е израз на волја во надворешниот свет.[31]

Дефинирањето на поимот на дејствието е направено и преку различните теории за неговата содржина во казненоправна смисла.

Човековото дејствие, за прв пат се подигнува на рамниште на централен поим на казненото право[32] и ја претставува структурата на казненото дело според каузалното учење. Сепак, истовремено му дава содржина на натуралистички сфатеното надворешно однесување на човекот а како директна последица од таквото учење е раздвојувањето на објективното (дејствието) од субјективното неправо (вината). Според ваквото учење за *каузалниот поим*, дејствие во казненоправна смисла претставува волево движење, манифестација на волјата во надворешниот свет преку определено телесно движење, или „предизвикување определена промена во надворешниот свет со волев акт", додека пропуштањето (несторувањето) е волево пропуштање на телесно движење.[33] Притоа, мора да се нагласи фактот дека волјата се сфаќа како био-психолошка движечка сила на телесниот акт што придонесува до определен каузален тек што директно ја предизвикува последицата, а од друга страна, сосема е различно целното насочување на волјата, сакањето или несакањето на таквиот каузален тек и неговата последица.

*Финалистичкото учење* се разликува од каузалното, натуралистичко учење бидејќи за основа на поимот на казненото дело ја зема субјективно - насочената волја. Тука, волјата е секогаш целно детерминирана или детерминирачка: волјата го води и насочува во определен правец каузалниот тек на настаните, па логично, секоја човекова активност е планирана, однапред смислена. Ваквиот поим на дејствието е создаден и релевантен за активното поведение, сторување, заштo само тоа значи волево, сакано, целно развивање на каузалниот тек и негово раководење. Сепак, единствена забелешка што му се упатува на ова учење е неможноста да се поврзат и спојат сторувањето и пропуштањето, создавајќи на тој начин нов, заокружен но истовремено схоластички теоретски модел без значајно криминално-политичко и казнено-

[30] Perkins, R., Criminal Law, стр. 546-549.
[31] Ibid., стр. 551.
[32] Хегелијанците ја земаат заслугата за подигнување на поимот на човековото дејствие на рамниште на централен поим на казненото право како скриено поведение и општ концепт за казнено право. Поопширно за тоа види: Камбовски, В., op. cit. стр.382.
[33] Ibid.





правно значење.[34] Финалистичкото учење уште се нарекува и целесообразно управување, зошто сторителот, со преземањето на дејствието всушност, наједноставно кажано, има за цел остварување на конкретна забранета последица. Ова е т.н. *субјективен финализам*.[35]

Средишна линија меѓу претходно споменатите учења, претставува *социјалното учење за поимот на дејствието*. Во прв ред, се спомнува неговата нормативна, вредносна природа односно определбата дека дејствието претставува социјално релевантно однесување на човекот. Според ова учење, како човеково дејствие треба да се набљудува секоја човекова постапка што на некој начин претставува одговор на поединецот на определени социјални барања. Поточно, за поведение во казненоправна смисла ќе станува збор само во оној определен социјален контекст на заемни односи со други.[36] Социјалното учење доживува критики, дека сфаќањата за поимот на дејствие во казненоправна смисла ги поставува премногу широко (покривајќи го притоа и социјално релевантното пропуштање - несторување), но не треба да се заборави дека зад таквото дејствие секогаш стои човекот и дека секое негово поведение има определен персонален супстрат.[37]

На крајот на листата на учења за дејствието, не може, а да не се спомене *персоналното учење*, како дел од поновите, мешани теории, што поимот на дествието го одредува тргнувајќи од општото поимање на човекот како битие. Она што е важно да се спомне за ова учење, и карактеристиката по која се разликува од останатите теории е неговата повеќеслојна структура на човековото поведение што одговара на неговото битие. Оттука, ако човековото битие е создадено од четирите елементи: *Kosmos, Bios, Psycha* и *Logos*, така и неговото поведение изразува четири елементи: каузалитет, финалитет, психичка компонента и рационална осмисленост.[38]

Оттука, може да заклучиме дека за поведение ќе се смета секоја човекова манифестација на човековата личност што е од значење за социјалните односи односно е социјално релевантно и содржи елемент на социјална неочекуваност и претпоставува израз на дисјунктивна можност![39]

Ова е всушност дефиницијата што во македонската казненоправна теорија ја постави *професорот Камбовски*. Од своја гледна точка, *професорите Марјановиќ и Каневчев* неа го оцениja како редок обид за сопствен придонес кон оваа проблематика, препознавајќи го во оваа дефиниција, во крајна линија, *каузалниот поим за дејствието*.[40] Според нивните гледишта, од сите учења за дејствието, каузалниот поим останува да биде најупотре-

[34] Камбовски В., op.cit.стр. 385.
[35] Марјановиќ, Ѓ., Каневчев, М., op.cit. 120.
[36] Како најдобар пример за таквата објективно-финална определба на овој поим се земаат вербалните деликти, поопширно види: Камбовски В., op.cit. стр.386.
[37] Ibid.
[38] Ibid.
[39] Камбовски, op.cit., стр. 388.
[40] Марјановиќ. Ѓ., Каневчев, М., стр. 121.

блив, зошто во себе природно ги содржи и основните елементи на финалниот и на социјалниот поим за дејствието.[41]

Каузалниот поим на дејствието го застапуваше и проф. Бачиќ,[42] оставајќи, како што може да забележиме, значаен белег во подоцнежната македонска казненоправна мисла.

### 4. Дејствието како елемент на општиот поим на казненото дело. Социјално-ирелевантни поведенија

Анализата на поимот на дејствието е важна од аспект на неговото позиционирање во системот на елементи на општиот поим на казненото дело. Но и дефинирањето на поимот казнено дело е повеќестрано, како што е и дефинирањето на дејствието. Сепак, тука се разликуваат два основни приоди: едниот е *нормативен* или *формален*, а другиот *реалистички* или *материјален*.[43] Според првиот пристап, казнено дело е она што како такво е определено со закон (што претставува повреда на казненоправната норма). Материјалната или реалистичка дефиниција, казненото дело го определува пошироко, посуштински отколку прикажувајќи го стриктно како правен феномен. Сите анализи кои водечките теоретичари ги прават по ова прашање се сведуваат на додавање на елементот на општествена опасност, но сфатен во повеќе значења. Имено, додека според едни, тој нема никаква врска со социјалистичкото право, туку е востановен од страна на претставниците на социолошката школа, други сметаат дека овој концепт потекнува од антрополошко-позитивистичката школа и подоцна, се јавува во социјалистичкото казнено право. Сепак, сите автори се согласни дека основното значење на овој поим е опасноста на делото за конкретен систем на општествени односи и добра.[44]

Во било кој од наведените контексти, казненото дело е определено, пред сè, како дејствие, а врз овој поим се надоврзуваат другите елементи. Имено, општиот поим на казненото дело го сочинуваат покрај дејствието и предвиденоста во законот, противправноста, вината и казнивоста. Секој следен елемент претпоставува постоење на претходните, па според тоа целата структура на поимот на казненото дело лежи врз дејствието како основен елемент, база врз која се издигнуваат другите елементи.[45]

Врз основа на претходнонаведеното, исклучително важно е да се определи кои дејствија се правно релевантни, односно социјално – релевантни, социјално неочекувани и израз на човековата волја. Од претходнонаведената дефиниција за социјално - релевантно поведение може да се потврди фактот дека за најголемиот број законски битија како дејствие на извршување

[41] Ibid., стр. 120.
[42] Камбовски, В.,op.cit., стр. 157.
[43] Различни автори овие дефиниции ги определуваат на различен начин. Така, формалната се нарекува уште и нормативна, а материјалната – реалистичка. Спореди Камбовски, В., op.cit., стр. 341 и Марјановиќ. Ѓ., Каневчев, М., op.cit., стр.92.
[44] В. Камбовски,В., op.cit., стр. 342, и Марјановиќ. Ѓ., Каневчев, М op.cit., стр. 93.
[45] Камбовски, В., op.cit., стр. 364





се смета сторувањето, додека несторувањето (пропуштањето) се дефинира како непреземање на должносно сторување. Од ваквиот поим, покрај исклучувањето на казнување за мисли и идеи на човекот, кое го споменавме во воведот, однапред се негира и својството на *дејствие во казненоправна смисла* на определени движења кои не се социјално релевантни или не се израз на дисјунктивната можност.[46] Со други зборови, овие дејствија не се раководени од човековата волја, туку од други внатрешни и надворешни фактори.[47] Оттука, ако човековото поведение не ги содржи оние квалитети што се бараат за казненоправниот поим на дејствието, тогаш не постои дејствие како такво, дејствие како елементарна претпоставка за постоење одредено казнено дело. Ако се анализира општиот казненоправен поим на дејствието ќе се увиди дека се важни два елементи: внатрешниот, психолошки елемент – волјата и надворешниот елемент – манифестацијата на таа волја во надворешниот свет. Затоа, велиме дека дејствието е волево поведение на човекот, тоа е објективизирана волја, модификација на света итн. Но во случај човековото поведение да не е управувано од волјата, тогаш немаме дејствија во казненоправна смисла.[48]

Таквите дејствија ја сочинуваат групата на движења исклучени од поимот на дејствието. Најпрво, во оваа група на движења исклучени од поимот на дејствието спаѓаат социјално ирелевантните движења, односно оние кои не се манифестација на определен став во однос на општествените барања на човековото опкружување. Се мисли на постапките на поединецот кои не допираат до други субјекти, или се непостоечки, идни и можни дејствија[49] и остануваат во неговата приватна сфера.

Во групата на движења исклучени од поимот на дејствие спаѓаат и оние дејствија што содржат елемент на социјална очекуваност. Така, не претставува пропуштање непреземањето на одредено сторување што сторителот не бил должен да го преземе, и не претставува сторување преземањето на нешто што сторителот не бил должен да го пропушти.[50]

Третата, последна група на движења исклучени од поимот на дејствие ја сочинуваат движењата што не се израз на дисјунктивната можност и се социјално ирелевантни односно не претставуваат дејствие во казненоправна смисла на зборот. Тука спаѓаат инстинктивните движења, рефлексните движења, различните грчења на мускулите и присилните дејствија наметнати со апсолутна сила на друг (vis apsoluta)[51] или кога со движењата на лицето

[46] Камбовски В., op.cit.стр. 389.
[47] Марјановиќ. Ѓ., Каневчев, М., op.cit., стр. 121
[48] Бачиќ Ф., op.cit., стр.256-257.
[49] Така, на пример, закана упатена кон некоја идна генерација, повеќе за тоа види: Камбовски В., op.cit.,стр. 389.
[50] Од друга страна пак, како дејствие може да се појави само одредено противдолжносно поведение на човекот, Камбовски В., op.cit.стр. 389.
[51] Еден од примерите за присилно дејствие наметнати со апсолутна сила на друг - vis apsoluta, е случајот кога некој насилно става револвер во раката на друго лице и повлекува преку неговиот прст. Камбовски В., op.cit., стр. 390.

управува некоја несовладлива природна сила (vis major).[52] Инстинктивните движења се водени од внатрешнои нагони, но се појавуваат како реакција на надворешни или внатрешни надразнувања (пр. реакции на давеник). Рефлексните движења, се движења кои не се мотивирани од волјата на поединецот ниту од психичкиот феномен (пр. покажување на расипана храна). Грчењата на мускулите исто така настануваат без волја или против волјата на човекот и нема да претставуваат дејствие во казненоправна смисла, бидејќи „ништо не може повеќе да го потисне индивидуалното чувство на автономија и сигурност, како припишувањето на човека на поведение што тој не може да со контролира."[53] Но, и овие движења не се исклучени од поимот на дејствие, доколку останува дисјунктивната можност за нивно контролирање.

Поинаку се оценуваат автоматските и импулсивните дејствија. Иако првите се неконтролирани и неволеви во времето на преземањето односно во нивното изведување не учествува свеста, тие сепак се движења што првобитно биле контролирани, а подоцна, со нивно повторување станале механички. Вторите, импулсивните, исто така треба да се разликуваат од рефлексните движења, бидејќи тие потекнуваат од свеста, но кај нив побудата непосредно се претвора во дејствие. Имено, импулсивните движења се всушност дејствија на краток спој, што настануваат без полно содејство на личноста на сторителот. По некое надворешно влијание, доаѓа до свесна, но брза реакција во која одлуката е донесена во посебна афектна состојба (на пример, убиство на миг).[54]

За дејствија во казненоправна смисла се сметаат и дејствијата изнудени со психичка присилба создадена со употреба на сила или сериозна закана, кои сепак се израз на дисјунктивната можност, однсоно израз на волја без оглед како таа е создадена. Фактот што по пат на присилба или под закана некој извршил правно и социјално-релевантно дејствие не треба да го исклучи дејствието, туку случајот ќе се реши преку други казненоправни институти (на пример, исклучување на противправноста кај крајната нужда и сл.).[55]

### 5. Класификација на казнените дела според критериуми врзани за учењето за дејствието и неговата последица

По утврдувањето дека постои волево поведение на човекот, односно дејствие во казененоправна смисла, тоа ќе биде оценето како правнорелевантно единствено ако одговара на дејствието опишано во законското битие на казненото дело, бидејќи за постоење на казнено дело можат да бидат од значење само таквите дејствија.[56]

[52] На пример еден брод зафатен од ураган оштетува друг брод и притоа има човечки жртви. За случаите на движења исклучени од поим на дејствие поради vis major, види поопширно: Камбовски В., op.cit.,стр. 391.
[53] Packer, стр. 76, цит.според Камбовски В., op.cit.стр. 390.
[54] Камбовски В., loc.cit; Бачиќ Ф., op.cit, стр.258.
[55] Камбовски В, op.cit, стр. стр.391, Марјановиќ. Ѓ., Каневчев, М., op.cit., стр. 122.
[56] Бачиќ Ф., op.cit, стр.261.





Според Кривичниот законик на РМ, како начини на извршување на казненото дело се сметаат сторувањето и несторувањето (пропуштањето) (чл.29 ст.1), и врз основа на тоа се прави поделба на две големи групи на казнени дела: казнени дела извршени со сторување, комисивни казнени дела – *delicta commisiva* и казнени дела извршени со несторување, омисивни казнени дела – *delicta omissiva.*[57] Делото може да биде извршено со несторување само кога сторителот го пропуштил сторувањето што бил правно должен да го изврши, а пропуштањето има еднакво значење како предизвикување на последицата на делото со сторување (чл.29 ст.2).

Околу поимот на сторување нема контрадикторности во правната литература: сторувањето претставува активно социјално-релевантно манифестирање низ телесно движење на определен став на сторителот што е израз на неговата дисјунктивна можност.[58] Несогласувањата се согледуваат кога станува збор за поимот на несторување (пропуштање). *Проф. Камбовски* истакнува две спротивставени стојалишта за поимот на несторувањето. Според првото, пропуштањето не е дејствие, туку отсуство на дејствие, чијашто непосредна консеквенција е непостоење каузална моќ. Според второто пак, пропуштањето е нешто со позитивна содржина, и со тоа облик на дејствие. Елементот на должност за сторување (што е определен и во Кривичниот законик на РМ, во чл.29. ст.2), ги разрешува дилемите во однос на поимот на несторување. Ваквото дејствие е најпрво, несторување на нешто, заземање став во однос на дадена, определена алтернатива. Социјалната смисла на несторувањето како облик на поведение е повредата на обврската за сторување![59] Други автори (*професорите Марјановиќ и Каневчев*) го објаснуваат несторувањето исто така како волев акт на човекот, односно негова волева пасивност, приклонувајќи се со тоа кон второто стојалиште.[60]

Но, за казненото право релевантно е само противправното пропуштање, што постои единствено во случаите кога сторителот пропушта сторување што бил должен да го изврши што има еднакво значење како сам да ја предизвикал несаканата последица на делото.

Комплексноста на дејствието претставува посебно прашање. Имено, во своето остварување дејствието може да се јави како едно телесно движење, еден волев акт што во природна смисла на зборот секогаш претставува едно дејствие во казненоправна смисла. Во овој случај станува збор за едно движење, без оглед на бројот на последиците (пр. еден истрел, две убиства). Во определени случаи може да се работи за едно дејствие и тогаш кога човековото поведение е составено од повеќе телесни движења односно од повеќе волеви акти,[61] односно повеќе човечки дејствија во онтолошка смисла да се

[57] Ibid.
[58] Камбовски В., loc.cit.
[59] Ibid.
[60] Марјановиќ. Ѓ., Каневчев, М., op.cit., стр. 124
[61] Бачиќ Ф., op.cit, стр.259.

третираат како едно дејствие во казненоправна смисла.[62] Може да заклучиме дека единство *во природна смисла* постои кога повеќе дејствија резултираат од еден единствен психолошки процес, а меѓу нив постои внатрешна природна временска и просторна поврзаност, изразувајќи го единствениот став на сторителот насочен кон точно определена цел.[63] Притоа, кога се разгледува поимот на единство на дејствието во природна смисла не е важно дали се предизвикува една или повеќе последици.

Прашањето за единство на дејствието *во правна смисла* е поинаква проблематика. Секогаш кога постои единство на дејствието во природна смисла, постои и единство на дејствието во правна смислач. Но, разликата меѓу двата поими се состои во можноста повеќе дејствија во природна смисла да претставуваат единствено дејствие во правна смисла, и во тој случај станува збор за *комплексно дејствие на извршување*. Ваквото комплексно дејствие се среќава кај повеќеактните дела, делата на толпа, сложените дела, колективните дела, трајните дела и продолжените дела.[64] Некои автори *дејствието како комплексен акт* го нарекуваат и реален привиден стек.[65]

Казнените дела можат да се поделат во зависност од тоа дали последицата е обележје на законскиот опис на некое определено казнено дело, па така постојат формални и материјални казнени дела. И во однос на оваа поделба се среќаваат бројни дилеми. Некои автори сметаат дека ваквата поделба на казнените дела е погрешна, тргнувајќи од тоа дека со секое дејствие поимно се надоврзува некоја последица. Но, Rittler[66] го побива ваквото тврдење нагласувајќи дека тоа е погрешно становиште бидејќи во тој случај самото дејствие се зема како некаква последица односно дејствието се идентификува со последицата. Но, што би се сметало за последица во случај на казненото дело непријавување сторител на казнено дело од чл.364 КЗ? Во што би се состоела промената во надворешниот свет во овој случај? Во секој случај, мора да се признае дека кај омисивните казени дела, последицата е споредна.[67]

Оттука, за *формални казнени дела* (во казненоправната литература се среќаваат и под називот *нематеријални казнено дела*[68]), ќе се сметаат оние дела што се исцрпуваат во одредено дејствие, и кај нив според законското битие на делото за нивно довршување не се бара настапување на последицата, односно објектот на заштита не се материјализира во објект на дејствие. За нивно постоење доволно е постоење на одредено дејствие, и со преземањето на таквото дејствие, казненото дело се смета за довршено ( на пример, родоскврнавење од чл.194 КЗ). *Материјалните казнени дела* пак, или казнени дела со последица, се оние дела за чиешто постоење мора да дојде до

[62] Марјановиќ. Ѓ., Каневчев, М., op.cit., стр. 123
[63] Така и: Камбовски В., op.cit, стр.397.
[64] Поопширно за комплексните дејствија на извршување: Камбовски В., op.cit, стр.397.
[65] Марјановиќ. Ѓ., Каневчев, М., op.cit, стр. 123
[66] Rittler, стр.84, цит според Бачиќ Ф., op.cit, стр.270.
[67] Бачиќ Ф., op.cit, стр.270.
[68] Марјановиќ. Ѓ., Каневчев, М., op.cit, стр. 129





остварување на определена последица. Кај овие казнени дела постојат два сегменти: дејствие и последица. За нив, се смета дека се довршени само откако ќе настапи последицата (пр. телесна повреда чл.130 КЗ, убиства чл.123 КЗ, саботажа чл. 315 КЗ, итн). Натаму, според критериумот „противправна состојба" казнените дела се делат на *трајни* и *казнени дела на состојба*.[69][70]

Поделбата на казнените дела во оваа смисла не е исцрпена со наведените категории. Елементите кои произлегуваат од поимот на дејствие врзани со други правни институти постојано генерираат нови категории, кои не се само теоретски контрукции, туку имаат и конкретна правна релвантност во дадени ситуации.

## 6. Заклучок

Едно од најважните прашања во сферата на казненоправната теорија е учењето за дејствието. Денес е повеќе од јасно дека казненото право се заснова врз делото каде што дејствието претставува основен елемент. Во конструкцијата на општиот поим на казненото дело, дејствието ја има централната, носечка позиција. Имено, ниеден друг елемент на казненото дело но може да постои без него. Тоа, во најопшта смсила, претставува *conditio sine qua non* за постоењето на делото. Определувањето на казненоправната релевантност на дејствието во голема мера зависи од исполнувањето на барањето за негова социјална релевантност и социјална неочекуваност, затоа што, како што видовме од анализата, за дејствие во казненоправна смисла може да се сметаат само оние девијантни однесувања што претставуваат повреда на социјалните норми од повисок степен.

Во македонската казненоправна теорија постојат делумно различни пристапи во дефинирањето на дејствието. Додека определени автори во своите дефиниции јасно ги издвојуваат елементите на надворешна манифестација на човековата личност, социјалната релевантност на дејствието, неговата социјална неочекуваност и изразувањето на дисјунктивна можност, други автори сметаат дека првиот и третиот елемент се тие што го сочинуваат поимот, терминолошки определени како „акт на човекот во надворешниот свет" и „израз на волја", додека елементите социјална релевантност и социјална неочекуваност се саморазибрливи. Може да се констатира дека ова е навистина точно, гледано од аспект на казненоправно опсервирање. Но, за лаик во правото првата дефиниција би била многу појасна, затоа што точно го нагласува предметот на клазненоправниот интерес детерминирајќи ги дејствијата во казненоправна смисла од останатите кои човекот ги презема (или пропушта) во секој момент од своето постоење. Порестриктивниот пристап е доминантен во поранешната југословенска правна теорија, додека поекстензивниот, кој ги опфаќа и елементите на социјална неочекуваност и

[69] Марјановиќ. Ѓ., Каневчев, М., op.cit, стр. 130-131.
[70] Frank, S., op.cit, стр. 103.

социјална релевантност има силна застапеност во германската казненоправна наука.

Учењето за дејствието е основа за натамошни класификации и категоризации на казнените дела, но ако се навратиме на корените на проблематиката, на најопштите поставки за казненото дело, ќе заклучиме дека казненото право има пред сѐ, јасна социјална функција за чие остварувањето е одговорен законодавецот и дека од *социолошка гледна точка*, криминалното однесување е, по дефиниција, асоцијално поведение со кое поединецот ги прекршува социјалните норми.

Социолошкиот пристап има големо значење во науката за казненото право и му нуди специфична развојна димензија; имено, врз негова основа се детерминираат девијантните поведенија кои претставуваат социо-патолошки појави и со тоа се разграничува оваа од сферата на оние поведенија што претставуваат казнени дела заради степенот на нивна социјалната неочекуваност, која во правните кругови се смета дури и за конститутивен елемент на поимот социјално-релевантно дејствие.

**Основна библиографија:**


1. *Камбовски, В.* (2004) Казнено право – општ дел, Култура, Скопје (цит. Камбовски, op.cit).
2. *Камбовски, В.* (2010) Филозофија на правото, МАНУ, Скопје (цит. Камбовски 2).
3. *Бачиќ, Ф.* (1972) Кривично право - општ дел, Универзитеска печатница, Скопје.
4. *Марјановиќ, Ѓ., Каневчев, М.* (2010) Македонско кривично право – општ дел, Просветно дело, Скопје.
5. *Бајалџиев, Д.* (2007) Вовед во правото, Скопје.
6. *Lewis, A.D.E, Ibbetson, D.J.,* (Edts) (2004) The Roman Law Tradition, Cambridge University Press.
7. *Веселс, Ј., Бојлке*, В. (2009) Кривично право – општ дел, Табернакул, Скопје.
8. *Frank, S.* (1955) Teorija kaznenog prava, Skolska knjiga, Zagreb.
9. *Аћимовић, М.* (1937) Кривично право, Суботица.
10. *Srzentic, N., Stajic, A., Lazarevic, Lj.*(1978) Krivicno pravo Socijalisticke Федеrativne Republike Jugoslavije – opsti deo, Savremena administracija, Beograd.
11. *Perkins, R.,* (1969) Criminal Law, Mineola, New York.






Aleksandra Deanoska – Trendafilova, PhD, ass. professor
Elena Mujoska, MSc, assistant

# THE SOCIALLY RELEVANT ACTION AS AN ELEMENT OF THE OFFENCE IN THE MACEDONIAN CRIMINAL LAW THEORY

- Summary -

The authors of this article elaborate the issue of the action as basic element of the criminal offence. This concept is widely addressed in the criminal law theory differently determined according to various authors. The action must fulfill several characteristics in order to be legally relevant. But, primarily it has to be socially relevant in order to have the potential to become an element of a crime.

According to different Macedonian theoreticians, the act consists of several elements. The restrictive view considers the manifestation in the external world and the exertion of will the basic constituents of the term. The extensive one adds the elements of social- relevance and social non – expectance as essential to the point.

The authors elaborate different legal opinions from historical and comparative point of view. They conclude that the restrictive view is more common to the former Yugoslav legal doctrine, as well as to the common law definition and the element of social relevance is dominant in the German legal theory but at the same time in the Macedonian criminal law reasoning.